# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

**Архивски број:04-638/11**
**Датум:26.07.2022 година**

Врз основа на член 52 од Законот за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14,48/15,154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19,14/20,112/2020 и 215/2021) В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе

**ОДЛУКА**

за избор за унапредување на административен службеник

1.По интерен оглас број 03/2022 од 07.07.2022 година за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенција за администрација, за работно место под реден број Раководител на Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделство и рурален развој, во Република Северна Македонија, со шифра ИНС01 01 БО4 001, Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој , Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството со руралниот развој , органското производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи ,*1 извршител*, од предложената ранг листа се *избира следниот кандидат*:

- *АДРИЈАНА КУКШОВА*

2. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство за Адријана Кукшова во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на ова одлука.
3. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Раководител на Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделство и рурален развој, во Република Северна Македонија, со шифра ИНС01 01 БО4 001, Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој , Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството со руралниот развој , органското производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за унапредување на раководни административни службеници, формирана со Решение бр.04-638/7 од 15.07.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-638/9 од 25.07.2022 година, по што директорот спроведе интервју и за истиот состави Записник заведен под бр.04-638/10 од 25.07.2022 година.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во записникот заведен под бр 04-638/10 од 25.07.2022 година, се изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници ,,Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката , донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- персонално досие
- архива

Со почит,

В.Д Директор
м-р Јане Станкоски


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул Гоце Делчев бр 18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk